РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Бр. 02 - 171/3
27.02 20 17 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2016 ГОДИНА

Февруари, 2017 година

Февруари, 2017 година

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2016 ГОДИНА

## РЕЗИМЕ

Државниот Инспекторат за животна средина во текот на целата 2016 година како континуиран процес отпочнат во 2015 година, работеше посветено на структурни и организациски реформи за модернизација и зајакнување на административните капацитети на инспекторатот како и перформансите на овластените општински инспектори за животна средина, преку зголемување на одговорноста при реализација на инспекциските надзори и ефикасност во превземените чекори, како и подобрување на контактите со јавноста, индустријата, и граѓанскиот сектор. Овие активности се реализираа во рамки на Твининг Проектот за зајакнување на административниот капацитет за спроведување на законодавството од областа на животната средина на централно и локално ниво кој заврши со неговата релаизација на 11 август 2016 година. Сите активности во рамки на трите компоненти се поместени на новата Интернет страна на Инспекторатот за која за наредните 5 години се покриени сите финансиски трошоци околу одржувањето и дизајнот на истиот, www.sei.gov.mk.

Согласно европските трендови, посебно внимание се посветува на Интегрираната процена на влијанијата врз животната Средина односно новата Директива за Индустриски емисии која е т.н чадор директива на останати осум ЕУ директиви, како и на Заштитата на водите и природата посебно Националните Паркови.

На полето на меѓународните активности, Инспекторатот беше посебно активен, со успешно и активно учество на повеќе настани во рамки на четирите мрежи и тоа ЕУ-IMPEL (Мрежа за применливост на европското законодавство за животна средина) потоа ECRAN (Регионална Мрежа за спроведување и прифатливост на животната средина и климатските промени на земјите идни членки на ЕУ), THEMIS (Мрежа за сузбивање на еколошкиот криминал и управување со шумите и заштитените подрачја) и INECE (Меѓународна Мрежа на специјалисти за спроведување и прифатливост на животната средина).

Во текот на 2016 година, Државниот Инспекторат за животна средина продолжи со спроведувањето на процесот на применливост и спроведување на легислативата на Европската Комисија во легалниот код на Република Македонија, припремајќи ги вработените за членство во ЕУ преку процесот на преговори, а во согласност со Акционата програма за животна средина на ЕУ и Препораките на

Европската Комисија од 2001 година за Минимум Критериуми за Инспекциите за животната средина и природа.

Во месец октомври 2016 година беше објавена на интернет страната на ДИЖС последната Нацрт верзија на новиот Предлог Закон за инспекција во животната средина, а неопходноста од негово донесување беше посебно нотирана и во ЕУ Извештајот за напредокот на РМ во Поглавјето 27-Животна средина. Од сите релеватни институции (ИС, МИОА, СЕП, МЖСПП, партнер инспекторати, Стопанската Комора беше добиено позитивно мислење за предлог верзијата).

# 1. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Согласно НПАА програмата за усвојување на правото на Европската Унија, ресорното Министерство за животна средина и просторно планирање кое е надлежно за предлог измени во легислативата или носење нови закони и подзаконски акти, во текот на изминатата 2016 година изврши измени и дополни на законите и подзаконските акти од предметната област со кој се изврши транспонирање на ЕУ законодавството согласно горенаведената програма.

Во рамки на Твининг Проектот согласно планираните активности во една од компонентите кои се и една од поважните цели на проектот, беше изготвен Нацрт Закон за инспекција во животната средина, чие носење беше планирано во текот на 2016 година низ регулаторната процедура, но поради распуштање на Парламентот поради Вонредните избори тоа не се случи. Објавен е на Интернет страната на Инспекторатот и ЕНЕР-Електронскиот Национален Регистар на прописи на Владата на Република Македонија.

Со законското решение се врши усогласување и приближување кон стандардите на ЕУ во оваа област за планирање, известување, реализација на самите надзори итн., како и комплетно усогласување со материјалните закони од областа на животната средина во нашата држава и одредбите од Законот за инспекциски надзор при водењето на инспекциската постапка. Секако од големо значење се документите кои претходеа на предлог законот за иднината на инспекцискиот надзор во оваа област во нашата земја при што беше анализирана моментната состојба на двете нивоа и беа предложени повеќе реформски модули како визија за блиска иднина.

Следењето на нивото на спроведување на законодавството на двете нивоа е значајна одредба која меѓудругото се обработува во предлог законот.

Сите релеватни податоци околу регулативата се поместени на следниот линк на Министерството за животна средина и просторно планирање, http://www.moepp.gov.mk/?page_id=901.

-Закон за животната средина ("Сл. Весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и **39/16**).

-Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и **52/2016**).

-Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013; 41/2014; 146/2015; **39/2016 и 63/2016**).

-Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; **39/2016 и 63/2016**).

-Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и **39/2016**).

-Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2010, 47/2011, 148/2011, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и **39/2016**).

-Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 163/2013, 146/2015 и **39/2016**).

## 2. УСОГЛАСУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И БАРАЊА

Закони од извештајната година кои се усогласени со регулативите на Европската Унија се следните:

-Закон за животната средина ("Сл. Весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).

-Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016).

-Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013; 41/2014; 146/2015; 39/2016 и 63/2016).

-Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016 и 63/2016).

-Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016).

-Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2010, 47/2011, 148/2011, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016).

-Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016).

-Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/2011, 59/2012, 163/2013, 10/2015 и 146/2015).

-Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2007, 124/2010, 47/2011, 163/2013 и 146/2015) итн.

**Твининг Програма/Проект**

Овој проект е дел од Твининг програмата на Европската комисија, која е создадена 1998 година. Твининг програмата овозможува јавната администрација и делумно јавните организации во државите кориснички да работат заедно со нивните пандански институции од државите членки на Европската унија. Главна одлика на Твининг проектот е да испорача специфични и загарантирани резултати. Страните се договараат однапред за остварување на деталните работни програми и за целите кои се однесуваат на приоритетните области од европското законодавство, како што е утврдено во Партнерството за пристап.

Основни податоци за проектот и содржина главна цел на ресорното министерство и Државниот Инспекторат за животна средина и просторно планирање е да се подобри спроведувањето и усогласеноста со законодавството во животната средина за сите македонски граѓани, индустрии и останати заинтересирани страни. За таа цел планирани се три групи активности кои ќе бидат заеднички финансирани: (i) Твининг проектот со кој се поддржува инспекцискиот систем во животната средина на централно и локално ниво, (ii) Проект за техничка помош, со кој се подржува имплементацијата на законодавството во животната средина во делот на оговорностите на општините, и (iii) Договор за обезбедување на различни видови на опрема и софтвер за подобрување на условите за работа на инспекторите за животна средина на централно и општинско ниво. Трите активности ќе бидат реализирани во периодот 2015-2016 година.

**Твининг проект:**

**Цели**

За да се постигне општата цел во придонесот за подобрување на заштитата на животната средина во земјата, и на централно и на локално ниво, овој проект има за цел да се зајакнат капацитетите на инспекциските органи за животна средина за спроведување на законодавството во животната средина на централно ниво (Државен инспекторат за животна средина (ДИЖС) и на локално ниво (општините). Имајќи ја предвид намената, проектот ги има следните главни цели:

- Да се утврди оптимизирана институционална рамка за ефикасен инспекциски систем за животната средина.
- Да се прегледа и подобри спроведувањето на законската рамка.
- Да се подобрат практиките на инспекциски тела преку подобро планирање и обука.

- Да се обезбеди поддршка во подготвката на бројни алатки, како што се интернет страница, информациски систем за управување, водичи за инспектори и за сопственици на индустриски капацитети и листи за проверка за одредени специфични сектори.

## Компоненти во проектот

Во согласност со целите, проектот има три компоненти:

- Зајакнати административни капацитети за спроведување на законодавството во животната средина:
    - ќе се реализира правна и институционална проценка на тековната инспекција и спроведување на системот во животната средина. Врз основа на тоа ќе бидат дадени препораки за подобрување и ќе се изготви програма за зајакнување на административните капацитети на инспекциски тела во животната средина.
    - Ќе се достават водичи за инспектори и за сопственици на индустриски капацитети и листи за проверка на одредени индустриски активности поврзани со прашања од животната средина.
    - Ќе се подготви и спроведе програма за обука со соодветни материјали.
    - Ќе бидат организирани студиски посети во земјите-членки на ЕУ.
- Подобрена ефективност на системот за инспекција во животната средина:
    - ќе се изработи нов закон за Државниот инспекторат за животна средина. Ќе се идентификуваат соодветно празнините во законодавството за заштита на животната средина.
    - Ќе се дискутира за методологијата за планирање на ризици.
    - Ќе се изработи интернет страница на Државниот инспекторат за животна средина и за Проектот.
    - Ќе се реализираат серија на теренски инспекции вклучувајќи заеднички инспекции со посебен фокус на областите ИСКЗ/ Дирекривата на индустриски емисии, квалитет на воздух и квалитет на вода.
    - Ќе се пренесат препораките на Европската унија за инспекција во животната средина, ќе се подготват и реализираат соодветни програми за обуки.
- Подобрено управување со инспекцискиот систем за информации и известување:

- Ќе се дискутира за испорачаниот систем според договорот, опишан во делот "Основни податоци за проектот и содржина", и ќе се дадат препораки за негово оптимизирање.
- Ќе се дискутира за софтверската алатка Методологија за интегрирана проценка на ризици-IRAM.

За време на спроведување на активностите освен работа со надлежните овластени лица за животна средина, ќе се одвива и ширење и интерактивност со останатите чинители како што се индустријата, невладините организации и целата поширока јавност.

**ЕУ-IMPEL (Мрежа за применливост на европското законодавство за животна средина)** Годишен Состанок на Национални Координатори во месец декември 2016 година во Братислава, Словачка.

# 3. НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

## 3.1. Основи

-Закон за животната средина

-Закон за водите

-Закон за заштита на природата

-Закон за инспекциски надзор

-Закон за прекршоците и др. Закони

-ПРАВИЛНИК за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 01-1647/1 од 25.12.2015 година.
-ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 01-1647/2 од 25.12.2015 година.

## 3.2. Административни постапки

Административните постапки се евидентираат во уписник (УП), додека пак инспекциските постапки се евидентираат електронски и писмено во посебен

уписник ИП 1-Инспекциска постапка во прв степен согласно законодавството за архивско и канцелариско работење.

Во ДИЖС постојат посебни лица кои се задолжени за извршување на погоренаведените работи, односно пополнување на О11, кој редовно се доставува по електронски пат на образецот до Инспекциски совет.

Секторот за координација на работата на ДИЖС во текот на 2016 година работеше со 5 административни лица, кои изготвија Планови за архивирање, Евиденција на документарен материјал од трајна вредност, изготвија Годишни програми за генерички обуки на административниот дел на ДИЖС, потоа учествуваа во изготвување на дел од финансиските документи, подоготвка на Електронскиот Систем за човечки ресурси на МИОА-HRMIS, припрема на јавните набавки на ДИЖС, материјален и финансов попис итн.

### 3.3.Безбедност и комуникација

Во текот на 2016 година врз основа на донација од Европската Унија во рамки на јавна набавка од 2015 година, Државниот Инспекторат за животна средина како посебна набавка работеше на подобрување на почетната верзија т.н Бизнис Систем за управување со податоци со два модула и десетина изработени процеси, од кои еден за инспекциско работење, а вториот за административно односно архивско-канцелариско работење. Во рамки на Твининг проектот беше изготвен посебен документ за продолжување на наградбата на Системот како втор дел од ИТ системот. Овој документ беше изготвен од страна на ИТ Експерти од ЕУ.

Комуникацијата помеѓу вработените се одвива по електронски пат, етаблирана е посебна Интернет заштитна линија за шитање на посебниот Податочен Сервер лоциран во централата во Скопје, а во рамки на Бизнис системот постои и посебна алатка за Share Point, односно идентично како Skype Бизнис, што претставува уште една форма на комуникација помеѓу вработените со овие модерни или SMART електронско информативни алатки.

Со ова ДИЖС ги исполни обврските согласно одредбите од Законот за општа управна постапка кои стапуваат на сила од 1 јули 2016 година каде е предвидено дека целосно комуникацијата помеѓу државните институции треба да се одвива по електронски пат.

Во инспекциската служба се воспоставува систем за безбедност на информациите кој целосно не е завршен, се планира истиот да биде оформен по отпочнување со функционирање на BPMS (Business Process Management System)-системот.

### 3.4. Информациска и комуникациска технологија

ДИЖС во текот на 2016 година целосно ги промени застарените компјутери во инспекциската служба, така да во моментов сите вработени работат со нови деск компјутери вкупно 26, а отворен е и Тренинг Центар со 6 деск компјутери во рамките на ДИЖС. Исто така сите канцеларии се опремени со печатари, а централата во Скопје поседува покрај мрежен печатар, колорен печатар и мултифункционален копир и печатар. ДИЖС користи и 12 лаптоп компјутери.

### 3.5. Управување со финансиски и нефинансиски ресурси

Буџетот за 2016 година беше нешто повеќе од 15 милиони денари од кои средства околу 12-тина милиони денари се за месечен надомест, а останатата сума не е ни оддблиску доволна за непречено извршување на сите витални функции согласно барањата на инспекциската служба од било каков аспект и покривање на расходите, а служат за наем на канцеларии, комунални услуги, струја, вода, греење и реализација на најнеопходните јавни набавки, бензин, регистрација и осигурување на службени возила, телефони-мобилни и фиксни, интернет услуги и канцелариски материјали. Моментно поради недостаток на стручен кадар сметководственото и трезорско работење се одвива со надворешна консалтинг фирма согласно јавна набавка, а покрај немање кадар за финансиско работење, не постои ниту правник, ИТ Лице и останат административен кадар итн. што го отежнува нормалното функционирање на Инспекторатот.

Буџетот на ДИЖС спореден со буџетите на останатите 13 државни инспекторати е во групата на последни три инспекторати.

За новите 10 возила-дизел ПЕЖО 208 и старите 6 кои се во функција изготвена е процедура за користење на истите со евиденција на километражата за секое возило која ја води секое задолжено лице, постои сервис и осигурување на возилата

согласно Планот за јавни набавки и реализираните набавки кои за 2016 година беа реализирани самостојно. Од страна на IPA Одделението при МЖСПП како и Агенцијата за ревизија на странска помош од ЕУ во текот на 2016 година е извршена ревизија за одржливоста и правилното користење на целокупната ЕУ опрема и немаше никакви забележки по истата. Со Договор за заедничко користење на опремата дел од истата е доделен на стручни институции и тоа Центрите за јавно здравје Скопје, Битола, Тетово и Велес, Универзитте Гоце Делчев Штип и Хидробилошкиот Институт Охрид.

Сите вработени користат службени картички-СИМ за мобилни телефони, но не и службени апарати. Најголемиот број вработени лица користат приватни мобилни апарати.

# 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## 4.1. Основи

-ПРАВИЛНИК за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 01-1647/1 од 25.12.2015 година.
-ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, декември 2015 година 01-1647/2 од 25.12.2015 година.

## 4.2.Број на вработени

Со Правилник се утврдени и опишани вкупно 38 работни места на административните службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за животна средина, од кои пополнети се 22, а распоредени се на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А01 | | |
| Б01 | | |
| Б02 | 3 | 1 |
| Б03 | | |
| Б04 | 9 | 1 |
| В01 | 22 | 17 |
| В02 | | |
| В03 | | |
| В04 | 2 | 2 |
| Г01 | 1 | 1 |
| Г02 | | |
| Г03 | | |
| Г04 | 1 | |
| **Вкупно** | **38** | **22** |

Во текот на 2016 година едно лице Државен Инспектор замина во пензија, а едно лице Водостопански Инспектор се пресели трајно во САД. Исто така едно лице Државен Инспектор за животна средина поради зајакнување на капацитетот за координација на работата на ДИЖС премина во Секторот за координација на работата на ДИЖС. Во текот на октомври 2016 е разрешен досегашниот Директор на ДИЖС поради истекот на мандатот, а во месец ноември/декември е назначен нов В.Д Директор на ДИЖС.

Во однос на 2015 година бројката е намалена за 2, со тоа што едно место Инспектор е со замрзнат статус на колега кој во моментов е Градоначалник на Општина Дебрца.

**4.3. Обуки и стручно оспособување**

Во рамки на Твининг Проектот во текот на 2016 година е реализиран Планот на обуки за инспекторите и административните вработени и нивното усовршување во кариерата во делот на инспекциски работење. Кратко инфо за сите обуки, настани од Проектот се содржани на Интеренет страната на ДИЖС.

Оддржани се повеќе од десетина различни тематски обуки, реализирано е последното (трето) студиско патување во Холандија во месец април.

Во рамки на Проектот беше организирана средба на Инсепкцискиот Совет на Холандија кој е единствен во Европа со Инспекцискиот совет на РМ.

Сите инспектори успежно го положија испитот за лиценца за еден од трите видови инспектори, при што се стекнаа со потребните лиценци, а исто така околу дваесетина колеги од локално ниво исто така го полошија испитот.

| Назив на обуката | Цел на обуката | Организатор | Обучувач | Место | Целна група | Бр. на учесници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање и фреквенција на инспекција, Интегриран Ризик-Методологија, Изготвување на Водичи за инспекција на индустриски капацитети, Градење на капацитети на Тимот, Пополнување Листи за проверка, Обврски и права на Инспектори и Индустрија, Изготвување на извештаи до засегната јавност, комуникација со јавноста итн. | | Твининг проект | ЕУ | Скопје и останат и градови во РМ | Инспектори | Сите |

Табела Стручно оспособување и усовршување на инспекторите

## 4.4.Интегритет

Согласно податоците со кои располага Државниот Инспекторат за животна средина не се пријавени жалби и поплаки за работа на инспекторите во извештајната и трите претходни години, а исто така не се спроведени ниту постапки за утврдување постоење на дисциплинска одговорност, ниту се изречени дисциплински мерки.

### 4.5. Наградување и унапредување

Во Инспекторатот во текот на 2016 година нема инспектори кои биле наградени или унапредени.

## 5. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 5.1. Административен капацитет за вршење на инспекциски надзор

Поради незадоволително ниво на спроведување на законодавството од областа на животната средина, ДИЖС беше грантиран со Твининг Проект со средства од 1 милион ЕВРА, во рамки на кој проект погоре е споменато кои се целите, активностите по компоненти итн, а досега се изготвени разни упатства, процедури, методологии, техники, (набавена  е со донација на ЕУ нова опрема, хардвер, софтвер, бази на податоци), а во рамки на една од компонентите во подготовка е предлог за синергија и комуникација со Дата Системот на ДИЖС и МЖСПП односно изготвување на процедура за размена на податоци, а една од активностите во рамки на Проектот и една од компонентите е користење на алатката при планирање на идните надзори и Методологијата базирана на ризик идентично како што ја користат сите инспекциски служби во ЕУ во делот на инспекции во животната средина. Оваа алатка сеуште се тренира и процена е дека истата ќе отпочне да се користи во текот на втората половина на 2017 година.

### 5.2. Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности

Во рамки на Твининг Проектот се изготви и процедура за одржливост, односно самоевалуација и анализа на спроведувањето на законодавството. Од аспект на македонско законодавство, 2015 година беше прва година со изготвување на квартални планови, извештаи итн., обврските беа реалиизрани и во 2016 година и потребно е да помине минимум циклус на две години кога се работи согласно исти обрасци и методологија за да може воопшто да се пристапи кон анализа на позитивните и негативните елементи при надзорите и инспекциските активности, а во овој момент цениме дека е невозможно да се направи анализа од многу причини (неиздадени дозволи, незаокружено законодавство, финансии, немање соодветна ИКТ опрема, возила, кадар) што и досега беше главна причина за ниското односно незадоволително ниво на спроведување на законодавството во пракса),

бидејќи овие четири години, 2014-2017 година за ДИЖС ќе бидат години на транзициски активности на инспекторатот и промена на начинот и пристапот на вршење инспекциски надзор. Секој друг пристап е само симулација која не е базирана на реални основи. Генерално планираните надзори се реализирани и повеќе од тоа.

## 5.3. Координирани инспекциски надзори

Во текот на 2016 година во неколку случаи по барање на Инспекциски Совет беа спроведени координирани надзори заеднички со Државниот Инспекторат за Техничка Инспекција и Државниот Пазарен Инспекторат во делот од надзорот над пазарот, односно водостопански дејности во речни корита и сепарации за песок.

## 5.4. Инспекциски надзор

### 5.4.1. Записници за инспекциски надзор

*- Број на записници за планирани и извршени редовни, контролни, вонредни надзори во извештајна година*

| Инспекциски надзори | Планирано | Реализирано |
|---|---:|---:|
| Редовни | 2.075 | 1.629 |
| Контролни | 111 | 345 |
| Вонредни | 10 | 413 |
| Вкупно | 2.196 | 2.387 |

*Број на извршени редовни, контролни и вонредни надзори во 2014, 2015 и 2016 година*

| | |
|---|---|
| *2014 година* | *3.091* |
| *2015 година* | *3.617* |
| ***2016 година*** | ***2.387*** |

*Просечен број на записници по инспектор за извештајна година*

Просечно секој инспектор има извршено по 140 надзори во извештајната 2016 година.

*Образложение за разлики во број на записници во однос на претходните години и планот*

2015 година беше прва година кога се постапуваше согласно новите правилници кои произлегоа од Законот за инспекциски надзор, а претходно се работеше по други правилници, евидентно е дека се комплетно различни табелите и невозможно е релевантно да се изврши споредба со 2014 година, различни се плановите, користени се сосема други индикатори. Анализата на 2015 и извештајната 2016 година бележи намалување на вкупен број на надзори поради намалување на бројот на инспектори и намалување на број на планирани инспецкиски надзори по инспектор во квартал, забележливо е зголемување за трипати повеќе на контролни надзори и зголемување на вонредните надзори за околу 40 пати.

### 5.4.2. Записници со запрена постапка

| | |
|---|---|
| **Вкупно записници** | **2.387** |
| **Заклучоци** | **Укинат инспекциски акт согласно ЗОУП усогласен со ЗИН** |
| **Други мерки** | **319** |

## 5.4.3. Инспекциски мерки и санкции

| Решенија | Едукации | Мандатни казни | Порамнувања | Прекршочна постапка | Кривична постапка | Вкупно инспекциски мерки за 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 274 | 4 | 0 | 18 | 23 | 0 | 319 |

| Решенија | Едукации | Мандатни казни | Порамнувања | Прекршочни постапки | Кривични постапки | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 584 | 2 | 14 | 40 | 29 | 1 | 2015 |
| 394 | 0 | 0 | 0 | 72 | 0 | 2014 |

- *Број* ***на инспекциски решенија*** *и учество во вкупниот број на записници- во извештајна година и претходни 2015 и 2014 година*

| Записници | Решенија | Година | % |
|---|---|---|---|
| 2.387 | 274 | 2016 | цца11% |
| 3.617 | 584 | 2015 | цца17% |
| 3.091 | 394 | 2014 | цца13% |

*-Број на спроведени **едукации** и учество во вкупниот број на записници-во извештајната година и претходната 2015 година*

Во текот на 2016 година се реализирани само 4 едукации, 2015 се реализирани две, додека во текот на 2014 година нема реализација на ниту една едукација. Согласно законодавството од областа на заштитата на животната средина од секој закон се предвидени најмногу 2-3 одредби каде се спроведува едукација и тоа за многу т.н мали повреди на законските одредби.

Треба да се земе во предвид фактот дека се работи за инсталации кои ги имаат исполнето минимум барањата согласно легислативата повеќе од 8-9 години順наназад, а мерката едукација е воведена во последните три години.

*-Број на ненаплатени мандатни казни кај кои не е поднесена прекршочна пријава*

**НЕМА**

За 2016 година не е изречена ниту една мандатна казна согласно законската регулатива.

*- Број на доставени **платни налози** и учество во вкупниот број на записници*

**Во текот на 2016 година се поднесени 18 покани за порамнување, 0,008%.**

*-Број на ненаплатени платни налози за кои не е поднесена прекршочна пријава*

**НЕМА**

*-Број на поднесени **прекршочни пријави** и учество во вкупниот број на записници-во извештајната година и претходните 2015 и 2014 година*

**Во текот на 2014 година има 72 барања за поведување прекршочна постапка, а во текот на 2015 година 29 барања. Во извештајната 2016 година се изготвени 23 барања за поведување прекршочна постапка или 0,01%.**

*-Број на поднесени **кривични пријави** и учество во вкупниот број на записници-во извештајната година и претходните 2015 и 2014 година*

**Во текот на 2014 година нема поведени кривични постапки, а во 2015 година е поднесено барање за 1 кривична постапка. Во извечтајната 2016 година нема ниту едно барање за кривична постапка.**

*-Број на записници и видови и количини на привремено одземени предмети- во извештајна година и две претходни години*

**НЕМА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ во 2014, 2015 и 2016 година.**

### 5.4.4. Субјекти на инспекциски надзор

*- Информации за **број на субјекти** (физички и правни лица) кај кои е извршен инспекциски надзор во извештајна и претходни 2015 и 2014 година*

Во текот на 2014, 2015 и 2016 година се извршени надзори во 135 т.н ИСКЗ инсталации, 54 депонии без законски и ЕУ стандарди, 81 ЈКП-а, 20-тина водостопански претпријатија, 81 општина, 3 национални паркови, а согласно законодавството од областа на отпадот се извршени по 20 надзори кај правни субјекти кои подлежат на законите од областа со електронски отпад, батерии и акумулатори, 8 колективни постапувачи, околу 100 складови за секундарна суровина, околу 300 субјекти кои подлежат на отпад од пакување).

### 5.4.5. Инспекциски надзори по закони

*-Број на записници за извршен надзор над секој закон заедно со број на запрени постапки, изречени мерки, спроведени едукации, мандатни казни, платни налози, прекршочни, кривични пријави –за извештајна и за претходни 2015 и 2014 година*

| **Инспекциски надзори/ Инспекциски мерки** | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | % |
| **1. Вкупно инспекциски надзори** | **2.196** | **2.387** | **109** |
| Редовни | 2.075 | 1.629 | 79 |
| Контролни | 111 | 345 | |
| Вонредни | 10 | 413 | |
| **2.Вкупно инспекциски мерки** | **0** | **319** | |
| Инспекциски решенија | 0 | 274 | |
| Едукации | 0 | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мандатни казни | 0 | 0 | |
| Покани за порамнување | 0 | 18 | |
| Прекршочни пријави | 0 | 23 | |
| Кривични пријави | 0 | 0 | |

| Ред.бр. | Закон | Број на извршени инспекциски надзори |
|---|---|---|
| 1 | Закон за животната средина | 729 |
| 2 | Закон за заштита на природата | 118 |
| 3 | Закон за управување со отпад | 835 |
| 4 | Закон за управување со пакување и отпад од пакување | 443 |
| 5 | Закон за води | 214 |
| 6 | Закон за управување со електрична и електронска опрема и електрична и електронска отпадна опрема | 17 |
| 7 | Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори | 23 |
| 8 | Закон за квалитет на амбиенталниот воздух | 5 |
| 9 | Закон за заштита од бучавата во животна средина | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 10 | Закон за минерални суровини | 1 |
| | ВКУПНО | 2.387 |

### 5.4.6. Статус на инспекциски решенија и прекршочни и кривични пријави

*- Број и старост на записници за извршен инспекциски надзор кај кои има основа,* ***но не е донесено инспекциско решение*** *или иницирана постапка за санкционирање-за извештајна и претходна година*

НЕМА

*-Број на застарени предмети со состојба на крајот на извештајната година*

НЕМА

*-**Број на застарени предмети**- **со состојба на крајот на извештајната година***

НЕМА

# 6.ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА

## 6.1. Односи со медиумите

Државниот Инсепкторат преку Проектот изготви посебна комуникациска платформа и процедури за комуникација и известување на засегнатата јавност за инспекциските активности од секаков аспект.

Директорот и дел од останатите вработени имаа повеќе учества на ТВ Програми и во текот на 2016 година потоа изјави за електронски и печатени медиуми итн.

Интервју за Магазинот на Американско Македонската Комора при Американ Колеџот во Скопје во однос на бенифитите од Твининг проектот.

## 6.2. Интернет страница

Во рамки на Твининг Проектот во мај 2015 година Инспекторатот доби посебна Интернет страница на која засегнатата јавност може да се информира за текот на проектот и останати информации за Инспекторатот. www.sei.gov.mk

## 6.3. Пријавени неправилности

Во текот на 2016 година и претходните две години нема евидентирано пријавени неправилности за работа на инспекторите преку бесплатен телефонски број бидејќи ваков тип на услуга Инспекторатот нема креирано досега, исто така не се пристигнати ниту поплаки по електронски пат, писма и друг начин за извештајната 2016 година и претходните 2 години.

## 6.4. Граѓански дневник

За извештајната 2016 година Инспекторатот немаше устроено Граѓански Дневник, оваа услуга ќе биде достапна во текот на 2017 година, така да не постојат информации за број на посети на граѓански дневник на инспекциските служби, број на поставени и одговорени прашања за извештајна и претходни 2 години.

## 6.5. Претставки и предлози и слободен пристап до информации

ДИЖС не води посебна збирна статистика на број на примени претставки и предлози, но согласно новиот концепт на превентивно делување, споредено десетина години station наназад кога започна процесот на децентрализацијата, најголем дел од претставките се однесуваат на локални проблеми во надлежност на локалната самоуправа, а во ДИЖС годишно пристигаат не повеќе од двесетина претставки односно по 2-3 на месечна основа.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДИЖС има посебно обучено лице, а досега се изготвени и доставени три годишни извештаи до Комисијата по електронски пат и тоа за 2016, 2015 и 2014 година. Во 2016 година беше доставено едно барање, но се однесуваше за друг инспекторат, за сеча на шуми односно Државниот Инспекторат за шумарство и ловство.

## 6.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Инспекторатот воспоставува посебна платформа за потпишување на меморандуми за соработка со повеќе инспекторати и други исnтитуции, а досегашната пракса кажува дека соработката е на неформален начин со инспекторатите на централно и локално ниво, ЗЕЛС, Полиција, Царина, ЦУК, АРМ, ДЗС, преку учества на заеднички симулациски вежби, размен ана податоци итн.

Организиран Инфо ден за Инспекторатите околу ЕУ помошта, проекти итн во соработка со ИС, СЕП и Делегацијата на ЕУ во РМ.

Организиран тренинг во рамки на Твининг проектот со показна вежба со учество на акредитирани лаборатории за животна средина во РМ за вода, воздух, бучава во животна средина и нејонизирачко зрачење.

Учество во Стиринг Комитетите на преставник од ДИЖС во сите ЕУ Проекти во реализација на МЖСПП за Вода-Тарифи за Вода и Национална Студија за Води, Директивата за Индустриски Емисии, Проектот за Отпад.

## 6.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

ДИЖС обрнува посебно внимание на односите со бизнис заедницата со Стопанските Комори (3), како и соработката со одредени Кластери, институции од различен аспект итн. На годишно ниво се одржуваат повеќе десетици состаноци, обуки пред се со членките на Стопанската Комора на РМ, а во рамки на Твининг Проектот се изготвуваат повеќе десетици документи за одговорности, права, известување за инспекциски активности во индустријата, секако со учество на претсавници на различни индустриски гранки. Тематска презентација за придобивките од Твининг проектот во текот на 2016 година беше реализирана во Стопанската Комора на РМ.

## 6.8. Меѓународна соработка

На полето на меѓународните активности, Инспекторатот беше посебно активен, со успешно и активно учество на повеќе настани во рамки на четирите мрежи и тоа ЕУ-IMPEL (Мрежа за применливост на европското законодавство за животна средина) во која на Годишниот Состанок на Национални Координатори во месец декември 2016 година во Братислава, Словачка, потоа ECRAN (Регионална Мрежа за спроведување и прифатливост на животната средина и климатските промени на земјите идни членки на ЕУ, www.ecranetwork.org, реализирани повеќе учества на 8 инспектори), THEMIS (Мрежа за сузбивање на еколошкиот криминал и управување со шумите и заштитените подрачја, www.themis.rec.org, реализирани учества на 5 инспектори, домаќини на еден настан во март 2016 година во Охрид за прекугранично инспектирање на заштитени подрачја биосферен резерват Преспа, а во Битола беше органиксиран Национален Тренинг со Здруженијата на Судии и Јавни Обвинители, претставниците на Академската фела и Крим Лабораторијата на МВР со претставникот за Еуропол за РМ) .

## 6.9. Соработка со образовни и научни институции

Инспекторатот во блиска иднина ќе воспостави посебна платформа со потпишување на меморандуми за соработка со повеќе научни институции, а

досегашната комуникација е на неформален начин, со учества на разни настани, промоции, изработка на проекти итн, како на пример настанот организиран во соработка со Ветеринарен Факултет и Институт Скопје за акредитираната лабораторија за мерења на еколошки параметри во свињарски и живинарски фарми во месец декември 2016 година и Презентацијата на Водичот за фармерите за управување со почвата загадена од поплавите во соработка со Федерацијата на Фармери, професори од Земјоделскиот и Шумарскиот Факултет при УКИМ Скопје.

Нагласена соработка со Факултет за Безбедност, во делот за Еколошки Криминал при УКЛО Битола.

Директор

Архивски Број _______________

Место и датум

Скопје, 27 Февруари, 2017 година

Јасин ГРБЛЕ

Изработиле: Дарко Блинков и Имрије Лума Мемеди

Odобрил: Хисни Тачи

Доставено до:

-Инспекциски совет

-Архива

Годишен извештај за работа на Државен инспекторат за животна средина за 2016 година

досегашната комуникација е на неформален начин, со учества на разни настани, промоции, изработка на проекти итн, како на пример настанот организиран во соработка со Ветеринарен Факултет и Институт Скопје за акредитиранаата лабораторија за мерења на еколошки параметри во свињарски и живинарски фарми во месец декември 2016 година и Презентацијата на Водичот за фармерите за управување со почвата загадена од поплавите во соработка со Федерацијата на Фармери, професори од Земјоделскиот и Шумарскиот Факултет при УКИМ Скопје.

Нагласена соработка со Факултет за Безбедност, во делот за Еколошки Криминал при УКЛО Битола.

Директор

Архивски Број 02-171/3
Место и датум
Скопје, 27 Февруари, 2017 година

Јасин ГРБЛЕ

Изработиле: Дарко Блинков и Имрије Лума Мемеди

Одобрил: Хисни Тачи

Доставено до:

-Инспекциски совет
-Архива